ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 11.12.2017 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш Соработник Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

**ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ**

**Градоначалник**

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и Директорот на ЈП КОМУНАЛЕЦ за подобрување на комуникацијата помеѓу Одделението и Јавното претпријатие во поглед на превенцијата и отстранувањето на снежни наноси, а преку службите за дежурство на ниво на самото Одделение и Јавното претпријатие, како и координација и интензивна работа на терен со екипи на ЈП Комуналец за потребите на Новогодишното украсување на градот.

Побарана е информација од Раководителот на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во врска со надзорот над Општинската зграда и санација на

истата, со прецизни рокови на отпочнување и завршување на потребните активности и интервенции.

Побарана е информација од Раководителот на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во врска со тековните проекти во делот на прекуграничната соработка, со задолжение за комплетирање на потребната проектна documантација и почитување на рокот за поднесување на истата, заклучно до 15.12.2017.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура за ефикасно и навремено решавање на настанатите проблеми со поплавување на површини во с.Узем, с.Костур и с.Жидилово.

Дадено е задоложение да се одржи состанок на кој да присуствуваат Градоначалникот Борјанчо Мицевски, Раководителот на Одделението за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководителот на Одделението за човечки ресурси Игор Додевски и Советникот за правни работи и застапување Мартин Николовски во врска со потребите од формирање на Општински кризен штаб и единица за заштита и спасување и дефинирање на нивниот персонален состав.

Дадено е задолжение до Раководитеот на Одделението за инспекциски надзор и Раководителот на Одделението за финансиски прашања за решавање на проблемот со кучиња – скитници на подрачјето на Општината и предвидување на посебна ставка во буџетот за благосостојба на животните.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за правни и општи работи и Раководителот на Одделението за финансиски прашања за поголема ажурност и ефикасност во доставувањето на Опомените за неплатена комунална такса и даноци на имот и давање на конкретни рокови за исполнување на оваа обврска, а врз основа на планот за достава според кој се врши доставата.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и Раководителот на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина за подготовка на неколку концепти за проектни апликации преку Министерството за животна средина, во соработка со Амбасадата на Република Словенија, со акцентирање на концептите за биокомпостирање, селекција на пет амбалажа и ЛЕАП и нивно доставување до Амбасадата на Република Словенија.

Побарана е информација во врска со разработката на предвидената активност за изградба на тротоари на одредени локални улици и потребната документација за спроведување на законски предвидената постапка за експропријација на недвижностите во приватна сопственост на кои што е предвидена изградбата на тротоарите.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура и Раководителот на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина за реконструкција на улица во м.в.Чука и објектот во непосредна близина на Здравствениот Дом, од десна страна на влезната капија, со проверка на целокупната постоечка документација за отпочнување и спроведување на овие активности.

Дадено е задолжение до Раководителот на Одделението за правни и општи работи за воведување и примена на троен степен на контрола при подготовката на материјалите за седниците на Советот на Општина Крива Паланка.

Дадено е задолжение за проверка на постоечката регулатива и Одлуките за продолжено работно време за Нова Година на угостителските објекти и локали на подрачјето на Општината и за поставувањето на тезги за време на Новогодишните Празници, со акцентирање на потребата од воспоставување на процедура за задолжително поднесување на соодветно барање и плаќање на соодветна такса од страна на барателите за поставување на тезгите.

Побарана е информација од Раководителот на Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија за точниот број на ученици од детските градинки и основните училишта од 1-во до 5-то одделение, кои ќе присуствуваат на Новогодишната театарска претстава во рамки на предновогодишната културно забавна програма во организација на Општината.

Дадено е задолжение до сите Раководители со кое истите се задолжени на ден 15.12.2017 година (Петок) да присуствуваат на Отворениот ден за средби со граѓаните на Општина Крива Паланка, а во рамки на заложбата за поголема транспарентност и отчетност на вработените во Општината кон самите граѓани.

Дадена е информација во врска со утврдените термини за организирање и одржување на предновогодишни коктел средби на вработените во општинската администрација, членовите на Советот на Општина Крива Паланка и други целни групи на граѓани и организации.

**Одделение за финансиски прашања**

Дадена е информација во врска со тековните активности на ова Одделение, кои вклучуваат подготовка на Буџетот за 2018 година.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Дадена е информација во врска со активностите поврзани со утврдувањето на локации за депонирање на градежен шут, со неколку предлог локации за таа намена.

Дадена е информација во врска со можностите за уредување на градското зеленило и поставување на урбана опрема на просторот што се наоѓа на локацијата Пенди Вир во урбаното градско подрачје.

**Одделение за човечки ресурси**

Дадена е информација во врска со потребата од посета на генерички обуки од страна на сите вработени во општинската администрација, со акцентирање на обуката за примена на ЗОУП, која да ја организира и спроведе самата Општина.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Дадена е информација со преземени активности и остварени контакти во врска со процедурата за ISO сертификација, по пат на остварување на меѓуопштинска соработка и размена на искуства со Општина Велес.

Истакната е потребата од отпочнување на активности за подготовка на Новогодишни пакетчиња за учениците во Општинските Основни Училишта и Детската градинка Детелинка.

**ЈП Комуналец**

Дадена е информација во врска со појава на свлечиште на старите градски гробишта и потребата од интервенција со одобрение на Општината и во тесна соработка со Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура.

Дадена е информација во врска со активностите неопходни за решавање на проблемите со канализацијата во с.Мождивњак.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација за тековните активности во врска со програмата по повод Новогодишната прослава и предвидените културно забавни манифестации и подготовката на промотивниот материјал за истите.

Дадена е информација во врска со обврската и роковите на НВО за аплицирање на определени проекти од локално значење.

Изготвил:
Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување
11.12.2017 година, Крива Паланка